Датум: ____________  Име и презиме: ______________________

**Наставен лист**

Измислува приказна за поставена задача, вклучувајќи ги парите




obrazovanie.literatura.mk

Датум: ____________ Име и презиме: ____________________

## Правила на играта

(Тројца учесници, една коцка за Не лути се човече, три различни фигури по боја од Не лути се и монети и банкноти од хартија)

1. Секој од учесниците во почетокот има 50 денари (од хартија)
2. Секој од учесниците на почетокот вложува по 10 денари
3. Се започнува од полето СТАРТ и се фрла по еднаш со коцката. Се движи во правецот на стрелката.
4. Ако застане на полето Банка, значи дека натпреварувачот штедел и го зема почетниот влог од 30 денари.
5. Доколку застануваат двајца учесници на полето БАНКА, го делат почетниот влог, значи по 15 денари (наставникот постојано да има ситни монети и да им раситнува на учениците – по колку денари треба да добие секој од вас? - наставникот ги прашува учениците)
6. Доколку сите тројца натпреварувачи застанат на полето Банка, вложуваат уште по 10 денари. (Колку денари има сега во Банката? – наставникот ги прашува учениците)
7. Доколку се застане на полето Банкомат, тоа значи дека треба да се извадат пари (од еден плик влечат ливчиња на кои пишува колку пари ќе извади од банкоматот – 1, 2, 5, 10 и 50 денари, а потоа си зема од купот со книжни пари. Наставникот ги прашува учениците кој колку пари има сега?)
8. На полето Вие сте учесник во наградна игра – (за ова поле наставникот има подготвено прашања од математика, може во врска со 2Д и 3Д форми, може и од собирање и сл. и секое прашање носи извесна сума пари. Ако одговорот е точен, ги добива парите, а ако не, тогаш дава во банката половина од парите што ги има во моментот). Повторно наставникот бара извештај од учениците кој колку денари има.
9. Последното поле е Учествувајте во хуманитарна акција (ги прашуваме учениците дали знаат што е тоа и колку би дале како донација за оваа хуманитарна акција).
10. На крајот победник е оној кој има најмногу пари. Доколку има пари во Банката, се бројат и се даваат во хуманитарната акција.

Родител ............................ Наставник ............................